Согласно член 13 став 1 точка 1 и 2 од Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" бр.142/2008 и 64/2009), а во врска со член 1, 2, 4-а, 4-б, 7, 9, 10 и 11 од Законот за вработување на инвалидни лица ("Службен весник на РМ" бр.44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008 и 99/2009), Министерот за труд и социјална политика донесе

# У П А Т С Т В О

## за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработените во заштитни друштва, инвалидните лица кога самостојно вршат дејност како трговци поединци и другите работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице

### 1. Општи одредби

Со ова Упатство се уредува начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на уплатените придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во заштитни друштва, инвалидни лица кога самостојно вршат дејност како трговци поединци и други работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице.

Инвалидно лице согласно член 2 став 1 од Законот за вработување на инвалидни лица ("Службен весник на РМ" бр.44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008 и 99/2009) е инвалидно лице со оштетен вид, оштетен слух, со пречки во гласот, говорот и јазикот, телесно инвалидно лице, лице со пречки во интелектуалниот развиток и лице со комбинирани пречки. Инвалидно лице се смета и инвалид на трудот со преостаната или намалена работна способност ако пред вработувањето се водело во евиденцијата на Агенцијата за вработување на Република Македонија како невработено лице, а е вработено во заштитно друштво.

Согласно член 4-б од Законот за вработување на инвалидни лица, работодавачот е должен на вработеното инвалидно лице преку трансакциска сметка да му исплаќа плата согласно закон, колективен договор и договор за вработување, а платата може да ја подигне самото лице со инвалидност, брачниот другар, неговиот родител или неговиот старател.

Согласно член 7 од Законот за вработување на инвалидни лица, вработеното инвалидно лице кај кое е утврдена инвалидност во смисла на член 2 став 1 на овој закон, се ослободува од плаќање на персонален данок од доход, а средствата за придонес за пензиско и инвалидско осигурување, придонес за здравствено осигурување и придонес за вработување се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија најмногу во висина на придонесите на основица од две нето просечни плати исплатени во Република Македонија во претходниот месец. За разликата од нето платата која го надминува овој износ, средствата за придонеси ги плаќа работодавачот.

Согласно член 10 од Законот за вработување на инвалидни лица, вработените во заштитното друштво кои не се инвалидни лица и инвалиди на трудот се ослободуваат од плаќање на персонален данок од доход и за нив се обезбедуваат средства за придонес за пензиско и инвалидско осигурување од Буџетот на Република Македонија.

Согласно член 13 став 1 точка 1 и 2 од Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување (“Службен весник на РМ” бр.142/2008 и 64/2009), обврзник за пресметка и уплата на придонеси е работодавачот за своите вработени, односно самовработеното лице само за себе.

## 2. Обврзници за пресметка и уплата на придонеси и исплата на плата

Обврзници за пресметка и уплата на придонеси согласно член 13 став (1) од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување се:

- Согласно став (1) точка (1) од овој член, работодавач - регистриран како заштитно друштво за вработените инвалидни лица од член 2 став 1 од Законот за вработување на инвалидни лица и за вработените кои не се инвалидни лица и инвалидите на трудот;

- Согласно став (1) точка (1) од овој член, работодавачот за своите вработени и за инвалидното лице кое ги исполнува условите од член 2 став 1 од Законот за вработување на инвалидни лица и

- Согласно став (1) точка (2) од овој член, самовработено инвалидно лице од член 2 став 1 од Законот за вработување на инвалидни лица кога самостојно врши дејност како трговец поединец, за себе и за своите вработени.

## 3. Изготвување на пресметка, уплата на придонеси и исплата на плата

Обврзникот за пресметка и уплата на придонеси, пресметката ја изготвува согласно Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување (“Службен весник на РМ” бр.142/2008 и 64/2009), Правилникот за начинот на пресметка и уплата на придонесите од задолжително социјално осигурување (“Службен весник на РМ” бр.149/2008 и 145/2009) и Месечна пресметка за интегрирана наплата на Министерството за финансии - Управа за јавни приходи - Пополнување и доставување на месечни податоци за пресметани плати, придонеси и персонален данок (образец “МПИН”), користејќи го софтверот на УЈП.

По добивањето на Декларацијата за прием и налогот ПП-53 од Управата за јавни приходи во роковите утврдени со закон:

- заштитното друштво треба да изврши исплата на бруто плата (нето плата и социјални придонеси без персонален данок од доход) за сите вработени работници;

- работодавачот кој вработил инвалидно лице кое ги исполнува условите од член 2 став 1 од Законот за вработување на инвалидни лица, за вработеното инвалидно лице треба да изврши исплата на бруто плата (нето плата и социјални придонеси без персонален данок на доход) и да исплати бруто плата (нето плата, социјални придонеси и персонален данок од доход) за останатите вработени и

- инвалидното лице кога самостојно врши дејност како трговец поединец за себе треба да плати социјални придонеси без придонес за вработување и персонален данок од доход; за вработените инвалидни лица треба да изврши исплата на бруто плата (нето плата и социјални придонеси без персонален данок на доход) и за вработените неинвалидни лица треба

да изврши исплата на бруто плата (нето плата и социјални придонеси и персонален данок на доход).

- работодавачот кој вработил инвалидно лице кое ги исполнува условите од Законот за вработување на инвалидни лица, за инвалидното лице треба да изврши пресметка на бруто плата на вработеното инвалидно лице, користејќи го софтверот на УЈП да исплати нето плата, социјални придонеси без персонален данок од доход, а да исплати бруто плата (нето плата, социјални придонеси и персонален данок од доход) за останатите вработени.

**4. Комплетност на документацијата од член 2 став 1 и 2, член 4-а став 2 и 5, член 9, 10 и 11 од Законот за вработување на инвалидни лица и доставување на потврди**

Согласно член 11 став 2 и 3 од Законот за вработување на инвалидни лица, Заедницата на заштитни друштва на Македонија ЗАПОВИМ Скопје врши увид во работењето на заштитните друштва, води евиденција на вработените инвалидни лица, заштитните друштва и бројот и структурата на вработените во заштитните друштва, ги врши административните работи и води евиденција на издадените Наоди и мислења на Комисијата при Министерството за труд и социјална политика за определување на работи кои може да ги извршува инвалидното лице на соодветното работно место.

Обврзникот за пресметка и уплата на придонеси и исплата на плата при поднесувањето на образецот “МПИН” до Управата за јавни приходи во местото на седиштето на фирмата, доставува Потврда издадена од Заедницата на заштитни друштва на Македонија ЗАПОВИМ Скопје и тоа:

а). заштитното друштво доставува Потврда за бројот и структурата на вработените во заштитното друштво. Потврдата треба да се однесува за месецот за кој се врши пресметката и исплатата на платата ако во заштитното друштво има персонални промени, односно да не биде постара од 6 месеци доколку во заштитното друштво кај вработените нема персонални промени;

б). работодавачот кој вработил инвалидно лице, доставува Потврда дека вработеното инвалидно лице ги исполнува условите од Законот за вработување на инвалидни лица и

в). инвалидното лице кога самостојно врши дејност како трговец поединец за себе и за останатите вработени инвалидни лица ако ги има, доставува Потврда за вработено инвалидно лице од Законот за вработување на инвалидни лица дека самостојно врши дејност како трговец поединец, односно дека вработеното инвалидно лице кај трговецот поединец ги исполнува условите од Законот за вработување на инвалидни лица.

Издадените потврди за инвалидните лица од точка 4.б). и 4.в). на ова Упатство се со важност додека инвалидното лице нема прекин во работниот однос кај истиот работодавач.

**5. Начин, постапка и рокови на поврат на уплатените средства по основ на социјални придонеси**

Министерството за финансии - Управа за јавни приходи по исплатата на нето платата на вработените и уплатата на социјалните придонеси од страна на заштитното друштво, работодавачот кој вработил инвалидно лице и инвалидното лице кое самостојно врши дејност како трговец поединец за себе и своите вработени, до Министерството за труд и социјална политика по електронски пат доставува податоци за фирмите кои исплатиле плати и уплатиле социјални придонеси.

Управата за јавни приходи до Министерството за труд и социјална политика податоците за исплатени плати и уплатени придонеси ги доставува во следните рокови:

- до 17-ти во месецот за исплатите и уплатите извршени до 15-ти во месецот и

- до 02-ри наредниот месец за исплатите и уплатите извршени до крајот на месецот.

Податоците ќе содржат:

1. За обврзникот за пресметка и уплата
    - Назив и седиште на исплатителот,
    - Единствен даночен број,
    - Година и месец
    - Фолио број
    - Деловна банка
    - Жиро сметка
2. За обврзникот за плаќање
    - ЕМБГ
    - Износ за придонес за пензиско и инвалидско осигурување
    - Износ на придонес за здравствено осигурување
    - Износ на придонес за дополнително здравствено осигурување
    - Износ на придонес за стаж на осигурување кој се смета со зголемено траење (бенефициран стаж)
    - Износ на придонес за осигурување во случај на невработеност
    - Ознака дали лицето е инвалид од раѓање или неинвалидно лице е инвалид на трудот дополнително здравствено осигурување и придонес за вработување),

Министерството за труд и социјална политика го креира Налогот за плаќање, по доставување на податоците од страна на Управата за јавни приходи.

Министерството за труд и социјална политика врши увид:

- дали нето исплатената плата на инвалидното лице од член 2 став 1 од Законот за вработување на инвалидни лица е поголема од две просечни нето плати исплатени во Република Македонија во претходниот месец (над овој износ обврзник за плаќање на социјалните придонеси е работодавачот) и

- остварените прекувремени часови кои работникот ги остварил на работа, за кои социјалните придонеси не се враќаат, туку ги плаќа работодавачот.

Министерството за труд и социјална политика, уплатените средства за социјални придонеси ќе ги поврати на жиро сметката на исплатителот во следните рокови:

- до 25-ти во месецот за исплатените плати до 15-ти во месецот и
- до 10-ти наредниот месец за исплатените плати до крајот на месецот.

Во случај на доцнење на повратот на уплатените социјални придонеси, на уплатувачот ќе му се исплати камата во износ од 0.03% за секој ден задоцнување, заедно со износот на средствата за поврат.

**6. Преодни и завршни одредби**

Неисплатените плати заклучно со декември 2009 година ќе се исплаќаат согласно **УПАТСТВО ЗА НАЧИН НА ИСПЛАТА НА ПЛАТИ** за вработените инвалидни лица кои ги исполнуваат условите од член 2 став 1 од Законот за вработување на инвалидни лица како и на неинвалидните лица и инвалидите на трудот вработени во заштитно друштво (бр.10-7942/1 од 22.09.2005 од Министерство за труд и социјална политика).

Ова Упатство ќе се применува за исплатата на платите за Јануари 2010 година и понатаму.

**Декември 2009 година**

**Скопје**

**МИНИСТЕР**

**Xhelal Bajrami**